**Доставување предлози за дополнување на дневниот ред, предлози за одлуки и поставување прашања по неговите точки**

Согласно член 388-а од Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право, да достават: предлози за дополнување на дневниот ред, предлози за одлуки и прашања поврзани со точките од дневниот ред.

Друштвото одговара на поставените прашања доколку тоа не е во спротивност со доверливоста на работењето, деловната тајна и деловните интереси на Друштвото. Друштвото може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина. Друштвото може да одговори директно на акционерот или да ги објави одговорите на поставените прашања на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.

Предлозите се поднесува во писмена форма, во оригинал, со наведување на целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот-физичко лице, односно со назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционерот-правно лице.

Во прилог на барањето, акционерите се должни да достават и соодветни документи за идентификација, и тоа:

**За акционер – физичко лице:**

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност, во кој е наведен бројот на акции, во оригинал, не постар од три дена;
- Копија од важечка лична карта или патна исправа.

**За акционер – правно лице:**

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност, во кој е наведен бројот на акции, во оригинал, не постар од три дена;
- Извод од тековна состојба издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија, во оригинал, не постар од седум дена;
- Копија од важечка лична карта или патна исправа на законскиот застапник.

Барањето заедно со документите за идентификација се доставува до Одборот на директори на Друштвото во рок од осум (8) дена од денот на објавување на јавниот повик за одржување на седницата на Собранието, на следната адреса:

- **ВНТП Технокомерц АД Скопје**
  ул. Јадранска магистрала бр. 56, Скопје
  Со назнака: „За Годишно собрание на акционери“